Крадачка на книги

Маркус Зусак

Ако и ти сакаш книги...

ИЗДАВАЧКА КУЌА САКАМ КНИГИ

www.sakamknigi.mk

На светот има толку многу книги, а толку малку време...

Строго избрани одлични наслови за сите кои сакаат книги со уникатни приказни достојни за нивното време...

Наслов на оригиналот

The book thief
© 2005, Markus Zusak

Copyright © за македонското издание
Издавачка куќа Сакам книги, 2013

Издадено во соработка со издавачка куќа АЕА - Скопје

Превод Ивана Николовска
Коректура Наташа Ѓоргиева
Лектор Марија Иванова

Главен уредник Ивана Николовска
Маркет менаџер Деана Николовска
Дизајн на корица Диме Спасев
Компјутерска обработка Диме Спасев

Сите права за книгата се задржани. Ниту еден дел од ова издание не смее да биде препечатуван, копиран или објавуван во која било форма или на кој било начин во електронските или печатените медиуми, без писмена согласност од издавачот.

Крадачка на книги

Маркус Зусак

сакам книги

Ако и ти сакаш книги...

За Елизабет и Хелмут Зусак,

со љубов и восхит

ПРОЛОГ

Планински венец од руини

каде нараторот се претставува себеси –
боите – и крадачката на книги.

Смрт и чоколадо

Прво боите.

Потоа луѓето.

Тоа е начинот на кој јас обично ги гледам работите.

Или барем како се обидувам да ги гледам.

ЕВЕ ЕДЕН МАЛ ФАКТ
Ќе умрете.

Јас сум искрена кога велам дека се обидувам да бидам позитивна и весела во врска со целата оваа тема, иако најголемиот број луѓе нешто ги спречува да ми поверуваат, без разлика на моето протестирање и уверување. Ве молам, верувајте ми. Јас дефинитивно *можам* да бидам весела и добро расположена. Можам да бидам блага. Ведра. Дружељубива. А да не одиме подалеку од првите неколку букви од азбуката. Само не барајте од мене да бидам фина и љубезна. Љубезноста нема никаква врска со мене.

РЕАКЦИЈА НА ГОРЕСПОМЕНАТИОТ ФАКТ
Дали ова ве загрижува?
Ве замолувам да не се плашите.
Ако ништо друго, јас сум праведна.

Се разбира, вовед.

Почеток.

Каде ми е културата?

Би можела да ви се претставам како што треба, но тоа не е неопходно. Ќе ме запознаете многу добро и многу скоро, зависно од различни варијабли. Доволно е да се каже дека во одреден момент, јас ќе стојам над вас, најсрдечно што можам. Вашите души ќе бидат во моите раце. На моето рамо ќе се спушти боја. Нежно ќе ве одведам.

Во тој момент, вие ќе лежите (ретко ги затекнувам луѓето на нозе). Ќе бидете згрчени во сопственото тело. Можеби ќе има некое откритие; воздухот ќе го распара крик. Единственото нешто што јас ќе го слушам после тоа ќе биде моето сопствено дишење, звукот на миризбата и моите чекори.

Прашањето е, во која ли боја ќе се претвори сè во моментот кога ќе дојдам по вас? Што ќе зборува небото?

Мене лично ми се допаѓа небото со боја на чоколадо. Темно, темно чоколадо. Луѓето велат дека ми прилега. Како и да е, јас се обидувам да уживам во секоја боја која ја гледам - целиот спектар. Милијарда вкусови, ниеден од нив идентичен на друг, и небо кое полека се шмука. Тоа го намалува стресот. Ми помага да се опуштам.

МАЛА ТЕОРИЈА

Луѓето ги набљудуваат боите на денот само во неговиот почеток и крај, но мене ми е кристално јасно дека денот минува низ мноштво различни нијанси и интонации, различни со секој изминат момент. Само еден единствен час може да содржи илјадници различни бои. Восочно жолти, облачно сини. Матни темнини. Во мојата работа, јас се трудам да ги забележам сите.

Како што веќе реков, единствената работа која ме спасува е свртувањето на вниманието кон нешто друго. Тоа ми помага да останам при здрав разум. Ми помага да издржам, со оглед на тоа колку долго ја работам оваа работа. Проблемот е во тоа што не постои никој кој некогаш би можел да ме замени. Кој би можел да ме замени? Кој би можел да преземе накратко додека јас се одмарам на некоја од вашите стандардни дестинации за одмор, без разлика дали тропска или скијачка варијанта? Одговорот, се разбира, е никој. Не постои некој кој би можел да ме замени, па тоа е она што ме присили да донесам свесна, намерна одлука - свртувањето на вниманието да биде мој одмор. Треба ли воопшто да кажам дека јас одмарам во диференцијали? Во бои.

Сепак, постои можност да се запрашате, а зошто неа воопшто ѝ треба одмор? Од што тоа треба да се одмори со свртување на вниманието?

А тоа ме носи до мојата следна точка.

Од остатоците од луѓето. Од преживеаните.

Тие се оние кои не можам да поднесам да ги гледам, иако многупати не ми успева. Намерно ги барам боите за да ги тргнам мислите од нив, но одвреме-навреме, ги гледам оние кои се останати како се тетераат низ сложувалката на сфаќање, очај и изненадување.

Тие имаат повредени срца. Имаат преморени бели дробови без здив во нив.

А тоа ме носи до предметот за кој ви раскажувам вечерва или денес или без разлика кој ден и боја е.

Ова е приказна за еден од тие вечни преживеаници - експерт во тоа да биде оставена зад сите други.

Да бидам искрена, ова е само една мала приказна, помеѓу другите работи, за:

- Девојче
- Некои зборови
- Хармоникаш
- Неколку Германци фанатици
- Еврејски боксер
- И многу кражби

Ја видов крадачката на книги трипати.

Покрај железничката пруга

Прво се појави нешто бело. Заслепувачки бело.

Некои од вас сигурно мислат дека белата не е вистинска боја или некоја слична излитена глупост. Епа, јас сум тука за да ви кажам дека е. Белата без сомнеж е боја и јас лично мислам дека не сакате да се расправате со мене.

УСПОКОЈУВАЧКА ИЗЈАВА

Ве молам да останете смирени и покрај претходната закана.

Јас сум само силна на зборови...

Не сум насилна.

Не сум злонамерна.

Јас сум резултат, последица.

Да, бело беше.

Имав чувство како целата Земјина топка да беше облечена во бело. Баш облечена, како да ја облекла белата боја онака како што се облекува џемпер. До железничката пруга имаше стапки од нозе потонати во снегот до колена. Дрвјата беа покриени со ќебиња од мраз.

Како што сигурно веќе претпоставувате, некој беше умрен.

Не можеа туку-така да го остават на земја. Сега-засега не беше многу голем проблем, но железничката пруга наскоро мораше да се исчисти за возот да може да продолжи понатаму.

Таму имаше двајца стражари.

Таму имаше една мајка со нејзината ќерка.

Еден труп.

Мајката, ќерката и трупот беа тврдоглави и тивки.

„Па, што друго сакате да направам?“

Едниот стражар беше висок, другиот низок.

Високиот прозборе прв, иако тој не беше одговорен. Тој погледна во понискиот стражар, побуцкастиот. Оној

со вцрвенетото лице. „Па“, беше одговорот, „не можеме да ги оставиме вака, зар не?“

Високиот го губеше трпението. „Зошто да не?“

А помалиот беше проклето блиску до експлодирање. Тој го погледна високиот во брадата и се развика: „*Spinnst du*?! Да не си глуп?“ Гадењето во неговиот израз стануваше сè поочигледно со секоја измината секунда. Образите му се надуа. „Ајде“, рече тој, газејќи по снегот. „Ако треба сите тројца ќе ги однесеме на раце. Ќе ги оставиме на следната станица.“

Што се однесува до мене, јас веќе ја имав направено најосновната грешка. Не можам ни да ви опишам колку сериозно бев разочарана од самата себе. На почетокот, имав направено сè како што треба:

Го проучив заслепувачкото, снежно бело небо кое стоеше на прозорецот на возот кој се движеше. Практично го *вдишав*, но сепак се поколебав. Потклекнав - се заинтересирав. За девојчето. Љубопитноста ме совлада, па решив да останам колку што ми дозволуваше распоредот и гледав.

Дваесет и три минути подоцна, кога возот застана, јас излегов надвор со нив.

Во моите раце имаше мала душа.

Јас стоев малку подесно.

Динамичното дуо стражари на возот дојдоа назад кај мајката, девојчето и малиот машки труп. Многу добро се сеќавам дека моето дишење беше гласно тој ден. Се изненадив кога стражарите не ме забележаа додека поминуваа. Светот се веднеше под тежината на целиот тој снег.

На некои десет метри од мојата лева страна, премрзнато стоеше бледото девојче со празен стомак.

Устата ѝ се тресеше.

Ладните раце ѝ беа прекрстени преку градите.

Солзите беа замрзнати на лицето на крадачката на книги.

Помрачувањето

Следна боја е карактеристичната црна, да ви ги покажам екстремите на мојата сестраност, ако ве интересира. Тоа беше најмрачниот момент пред разденувањето.

Овој пат бев дојдена по човек на едвај дваесет и четиригодишна возраст. Во некој поглед, тоа беше прекрасна работа. Авионот сè уште кашлаше. Од двете крила му излегуваше чад.

Кога се урна направи три длабоки расекотини во земјата. Крилата сега му беа пресечени. Повеќе немаше летање. Не за оваа мала метална птица.

УШТЕ НЕКОЛКУ МАЛИ ФАКТИ

Понекогаш пристигнувам премногу рано. Брзам и некои луѓе се држат за животот подолго од очекуваното.

По мала колекција од минути, чадот се изгасна сам. Немаше што друго да се даде.

Прво пристигна едно момче, со забревтано дишење и нешто што личеше на кутија за алат. Видно исплашен, тој со треперење ѝ се приближи на пилотската кабина и погледна во пилотот, проценувајќи дали беше жив - и да, пилотот тогаш сè уште беше жив. Крадачката на книги пристигна некои триесеттина секунди подоцна.

Беа поминати години, но ја препознав.

Беше задишана.

Од кутијата за алати, момчето извади (од сите можни работи) плишено мече. Ја подаде раката низ скршената шофершајбна и го стави на градите на пилотот. Насмеаното мече стуткано седеше врз повредениот човек и крвта. Неколку минути подоцна, јас ја искористив својата прилика. Моментот беше вистински.

Влегов, ја ослободив неговата душа и нежно ја одведов. Сè што остана беше телото, мирисот на чад и насмеаното мече.

Кога толпата почна да пристигнува, работите, се разбира, се сменија. Хоризонтот почна да добива боја на јаглен. Она што беше останато од црнината горе сега не беше ништо, освен дамка која брзо исчезнуваше.

Како контраст на тоа, човекот беше со боја на коска. Кожа со боја на скелет. Стуткана униформа. Очите му беа ладни и кафени - како дамки од кафе - а последната чкртка горе формираше форма која мене ми изгледаше чудно, но сепак познато. Потпис. Симбол.

Толпата го правеше она што го прават толпите.

Додека се пробивав, секоја личност стоеше и си играше со тишината.

Тоа беше мешавина од неповрзани движења со раце, придушени реченици и неми, згрчени вртења.

Кога се свртев и погледнав кон авионот, отворената уста на пилотот изгледаше како да се смееше.

Последна сурова шега.

Уште една човечка фора.

Тој остана згрчен во својата униформа додека раката од сива светлина се бореше со небото. Како и со многу други, кога тргнав да си заминам, повторно ја забележав брзата сенка, последниот момент од помрачувањето - препознавање на уште една замината душа.

Знаете, покрај сите бои кои го допираат сѐ она што го гледам на овој свет, јас - само за момент - често гледам помрачувања кога човек умира.

Сум видела милиони.

Сум видела повеќе помрачувања отколку што сакам да запомнам.

Знамето

Последниот пат кога ја видов беше црвено. Небото беше како супа, вриеше и кркореше. На некои места беше загорено. Црни ронки и бибер просеани по црвенилото.

На улицата која изгледаше како страници размачкани со мастило, децата пред малку играа плочка. Сè уште можев да го чујам одекнувањето на звуците кога пристигнав. Тропотот на стапалата на улицата. Детскиот џагор и смеата како сол која брзо се топи.

Потоа, бомби.

Овој пат, сè стигна предоцна.

Сирените. Предупредувачките крици на радиото. Сè премногу доцна.

За само неколку минути, улицата беше потрупана со купови од бетон и земја. Сите улици беа како прснати вени. Крвта течеше додека не почна да се засушува на бетонот, а телата беа заглавени таму, расфрлени како цепеници после поплава.

Беа залепени, сите до еден. Пакет од души.

Дали беше судбина? Несреќа?

Дали тоа беше она што ги залепи така?

Се разбира дека не.

Ајде да не бидеме глупави.

Поголема е веројатноста дека тоа имаше врска со бомбите кои паѓаа, фрлени од страна на луѓето кои се криеја во облаците.

Да, небото сега имаше уништувачка, домашно зготвена црвена боја.

Малиот германски град повторно беше разоран. Снегулките од пепел паѓаа толку *убаво*, да паднеш во искушение да го исплазиш јазикот за да ги фатиш, да ги вкусиш. Само што знаев дека во тој случај би ти ги изгореле усните. Би ти ја спржиле устата.

Јасно го гледам.

Штотуку сакав да заминам кога ја најдов како клечи таму.

Планински венец од руини беше нацртан, создаден, подигнат околу неа. Таа стегаше една книга.

И покрај сè, крадачката на книги очајно сакаше да се врати во подрумот за да напише или да прочита уште една од нејзините приказни за последен пат.

Сега, вака во ретроспектива, многу јасно можам да го видам тоа на нејзиното лице. Умираше за тоа - за безбедноста, за домот - но не можеше да мрдне. Исто така, подрумот повеќе не постоеше. Тој беше дел од уништениот простор наоколу.

Повторно ќе ве замолам да ми верувате.

Сакав да застанам. Да клекнам.

Сакав да речам: „Жал ми е, дете."

Но тоа не е дозволено.

Не клекнав. Не прозборев.

Наместо тоа, само ја гледав некое време.

Кога таа конечно успеа да мрдне, ја следев.

Ја испушти книгата.

Клекна.

Крадачката на книги заплака на глас, толку гласно што почна да завива.

Кога почна расчистувањето, неколкупати ја згазија нејзината книга и, и покрај тоа што наредбата беше да се исчисти само хаосот на бетонот, најскапоцениот предмет на девојчето беше фрлен во камионот за ѓубре, а тоа ме натера да преземам нешто. Се качив и ја зедов в рака, не знаејќи дека ќе ја задржам и дека ќе ја разгледувам илјадници пати низ текот на годините. Дека ќе ги гледам сите места каде што нашите патишта се пресретнале и ќе се воодушевувам на она што девојчето го видело и преживеало. Ова е најмногу што можам да направам - да гледам како нејзината приказна се вклопува во сè друго на кое бев сведок во тоа време.

Кога ќе се присетам на неа, гледам долга листа на бои, но најсилно одекнуваат оние три во кои ја видов во живо.

Понекогаш успевам да лебдам високо над овие три моменти.

Висам во воздух додека отровната вистина крвави кон јасност.

Тогаш ги гледам како се обликуваат.

БОИТЕ

Црвена... Правоаголник...
Бела... Круг...
Црна... Симбол...



Паѓаат една врз друга.

Црниот начкрабан знак врз заслепувачката глобална бела врз густата чорбесто црвена.

Да, јас често се присетувам на неа и - во еден од моите многу џебови - ја имам сочувано нејзината приказна за да ја раскажам. Таа е една од многубројните приказни кои ги носам со себе, секоја од нив исклучителна на свој начин. Секоја од нив обид - страшно силен обид - за да ми докаже дека вие, и целото човечко постоење, вредите.

Еве ја. Една од многуте.

Крадачката на книги.

Ако сте расположени, тргнете со мене.

Ќе ви раскажам приказна.

Ќе ви покажам нешто.

ПРВ ДЕЛ

Гробарски прирачник

Во кој ќе читате за:

Улицата Химел – уметноста на saumenshирање – жената со челична рака – обид за бакнеж – Џес Овенс – шмиргла – мирисот на пријателство – првак во тешка категорија – и мајката на сите watscheni

Пристигнување на улицата Химел

Последниот пат.

Црвеното небо...

Како една крадачка на книги завршува клекната и расплакана, од сите страни опколена со куп апсурдни, мрсни руини кои се дело на човечка рака?

Тоа почна пред многу години, со снегот.

Судниот час беше дојден. За една личност.

СПЕКТАКУЛАРНО ТРАГИЧЕН МОМЕНТ

Возот се движеше брзо.
Беше преполн со луѓе.
Шестгодишно момче умре во третиот вагон.

Крадачката на книги и нејзиниот брат патуваа кон Минхен, каде наскоро требаше да бидат предадени на луѓе кои ќе ги вдомат. Сега знаеме, се разбира, дека момчето не успеа да стигне дотаму.

КАКО СЕ СЛУЧИ ТОА

Имаше страшен напад на кашлање.
Речиси *вдахновен* напад на кашлање.
И брзо после тоа - ништо.

Кога кашлањето престана, немаше ништо, освен ништожноста на животот кој продолжува да се влече понатаму и едно речиси немо згрчување. Тогаш ненадејноста си го најде патот до неговите усни, кои имаа ’рѓосана кафена нијанса и се лупеа како стара боја, на која очајно ѝ треба префарбување.

Мајка им спиеше.

Јас влегов во возот.

Моите стапала се пробија низ преполниот вагон и мојата дланка беше над неговата уста за секунда.

Никој не забележа. Возот леташе нанапред.

Освен девојчето.

Со едно отворено око, едното сè уште успано, крадачката на книги - исто така позната како Лизел Мемингер - без сомнеж можеше да види дека нејзиниот помал брат, Вернер, сега беше легнат странично, мртов.

Неговите сини очи зјапаа во подот.

Но не гледаа ништо.

Пред да се разбуди, крадачката на книги го сонуваше *Führer*, Адолф Хитлер. Во сонот, таа присуствуваше на собир каде тој држеше говор, гледаше во неговиот патец со боја на череп и во неговите мустаќи обликувани во совршена коцка. Задоволно ја слушаше долгата низа зборови кои му се истураа од устата. Неговите реченици блескаа на светлината. Во еден потивок момент, тој дури и клекна и ѝ се насмевна. Таа му ја возврати насмевката и рече: *„Guten Tag, Herr Führer. Wie geht's dir heut?“* Сè уште немаше научено да зборува многу добро или барем да чита, бидејќи многу ретко одеше на училиште. Причината за тоа требаше да ја дознае кога ќе дојде време.

Баш кога *Führer* сакаше да одговори, таа се разбуди.

Беше јануари, 1939. Таа имаше девет години, наскоро требаше да наполни десет.

Нејзиниот брат беше мртов.

Едно око отворено.

Едно сè уште успано.

Ќе беше подобро да беше целосно потоната во сон, барем така мислам, но тоа е надвор од моја контрола.

Таа веднаш го отвори и второто око и ме фати на дело, сигурна сум во тоа. Тоа се случи баш во моментот кога клекнав и ја ослободив неговата душа, додека млитаво ја држев во моите отечени раце. Брзо се затопли после тоа, но во моментот кога го зедов, духот на момчето беше нежен и ладен, како сладолед. Почна да ми се топи в раце. Потоа почна да се затоплува. Да заздравува.

Лизел Мемингер целосно се згрчи и не можеше да мрдне, а потоа беше нападната од бран на мисли. *Es stimmt nicht. Ова не се случува. Ова не се случува.*

Потоа тресењето.

Зошто секогаш ги тресат?

Да, знам, знам, претпоставувам дека има некаква врска со инстинкт. Сакаат да го запрат протокот на вистината. Нејзиното срце во тој момент беше лизгаво и жешко - и гласно, многу, многу гласно.

Глупаво, но останав. Гледав.

Потоа мајка ѝ.

Ја разбуди со истото отсутно тресење.

Ако не можете да го замислите, замислете си несмасна тишина. Помислете на парченца и делчиња лебдечки очај. И давење во воз.

Снегот паѓаше без престан и возот кој одеше накај Минхен беше присилен да застане поради дефект. Имаше една жена која плачеше. Едно девојче стоеше покрај неа како умртвено.

Во паника, мајката ја отвори вратата.

Таа се симна во снегот, носејќи го малото тело.

Што друго можеше да направи девојчето, освен да ги следи?

Како што веќе ве информирав, двајцата стражари исто така излегоа од возот. Тие дискутираа и се расправаа во врска со тоа што да направат. Најблаго кажано, ситуацијата не беше убава. На крајот беше одлучено сите тројца да се однесат во следното гратче и да се остават таму за да ги средат работите.

Овој пат, возот се влечеше низ снегот. Се тресеше и запираше. Тие излегоа на платформата, телото во рацете на мајката.

Стоеја. Момчето како да стануваше сè потешко.

Лизел немаше претстава каде се наоѓаа. Сè околу нив беше бело и, додека стоеја на станицата, таа не можеше да прави ништо друго, освен да зјапа во избледените букви на знакот пред неа. За Лизел, градот беше безимен, а нејзиниот брат, Вернер, беше закопан таму два дена подоцна. Сведоци беа свештеникот и двајцата гробари кои се тресеа.

ЗАБЕЛЕШКА

Пар стражари.

Пар гробари.

Кога доаѓаше до тоа, едниот од нив ги носеше одлуките. Другиот правеше како што ќе му се каже.

Прашањето е, што ако *другиот* е многу повеќе од еден?

Грешки, грешки, понекогаш ми се чини дека не сум способна за ништо друго.

Два дена си ја бркав мојата работа. Патував по Земјината топка како и секогаш, пренесував души преку појасот на вечноста. Гледав како пасивно се тркалаат понатаму. Неколкупати се предупредив да се држам на добро растојание од погребот на брат ѝ на Лизел. Не си го послушав сопствениот совет.

Додека се приближував, уште на растојание од неколку километри можев да ја видам малата група премрзнати луѓе кои стоеја на снегот. Гробиштата ме пречекаа како пријателка и набрзо бев со нив. Ја наведнав главата.

Застанати лево од Лизел, гробарите си ги триеја рацете и се жалеа за снегот и копањето во овие услови. „Ужасно е тешко да се пробие мразот“ и така натаму. Едниот од нив сигурно немаше повеќе од четиринаесет години. Чирак. Додека заминуваше, по десетина чекори, една црна книга незабележано падна од џебот на неговото палто и тој не ја виде.

Неколку минути подоцна, мајка ѝ на Лизел тргна да замине со свештеникот. Таа му се заблагодаруваше за добро завршената церемонија.

Меѓутоа, девојчето остана.

Нејзините колена се зарија во земјата. Нејзиниот момент дојде. Сè уште не можејќи да поверува, таа почна да копа. Не може да е мртов. Не може да е мртов. Не може...

За само неколку секунди, снегот навлезе во нејзината кожа.

По дланките ѝ се распрска замрзната крв.

Некаде во целиот тој снег, таа можеше да го види своето скршено срце, на два дела. Двете половини блескаа и чукаа под целата таа белина. Сфати дека мајка ѝ се имаше вратено по неа дури кога ја почувствува ковчестата рака на своето рамо. Некој ја влечеше и ја одвлекуваше од гробот. Топол вресок ѝ го исполни грлото.

СЛИКА ОД ДВАЕСЕТИНА МЕТРИ ПОДОЛУ

Кога мајката престана да го влече девојчето, тие застанаа и само дишеа.

Имаше нешто црно и правоаголно забиено во снегот. Само девојчето го виде. Таа се наведна, го зеде и цврсто го стегна со прстите.

На корицата од книгата имаше сребрени букви.

Тие се држеа за раце.

Се збогуваа, а потоа се свртеа и ги напуштија гробиштата, погледнувајќи наназад преку рамо уште неколкупати.

Што се однесува до мене, јас останав уште малку.

Мафнав.

Никој не ми возврати на мавтањето.

Мајката и ќерката ги напуштија гробиштата и тргнаа да го фатат следниот воз за Минхен.

Двете беа слаби и бледи.

Двете имаа рани на усните.

Лизел го забележа тоа на валканиот, замаглен прозорец во возот, кога се качија нешто после пладне. Како што самата крадачка на книги имаше запишано, патувањето продолжи како *да се случило сè*.

Кога возот застана на железничката станица во Минхен, патниците излегоа од стариот вагон. Таму имаше секакви луѓе, но помеѓу нив, најлесно препознатливи беа сиромашните. Сиромасите секогаш се обидуваат да се движат, небаре преселувањето и преместувањето може да помогне. Тие ја игнорираат реалноста дека нова верзија од истиот стар проблем ќе ги чека на крајот од патувањето - како роднина кој се бакнува насила.

Мислам дека мајка ѝ го знаеше ова многу добро. Таа не ги испорачуваше своите деца на високата класа на Минхен, но очигледно беа најдени луѓе кои ќе ги вдомат и, ако ништо друго, новото семејство можеше барем да ги храни девојчето и момчето малку подобро и пристојно да ги образува.

Момчето.

Лизел беше сигурна дека мајка ѝ го носеше споменот за него, префрлен преку рамо. Го испушти. Таа ги виде неговите стапала и нозе и тело како удираат на перонот.

Како можеше жената да оди?

Како можеше да се движи?

Тоа е една од оние работи кои никогаш нема да ги дознаам, ниту пак разберам - за што сè се способни луѓето.

Повторно го крена и продолжи да оди, девојчето сега залепено за неа.

Властите ги дочекаа и им поставија прашања за доцнењето и за момчето. Лизел стоеше во аголот од малата, валкана канцеларија додека мајка ѝ згрчено седеше на една тврда столица со парализирани мисли.

Збогувањето се претвори во хаос.

Тоа беше влажно збогување, со главата на девојчето закопана во волнената, излитена јака од палтото на мајка ѝ. Повторно имаше влечење.

Далеку од предградието на Минхен имаше еден град по име Молчинг или полесно за изговарање за таквите како вас и мене, Молкинг. Тоа беше местото каде што ја носеа, на улица по име Химел.

ПРЕВОД

Химел = Рај, небо

Кој и да бил оној кој ѝ го дал името на улицата Химел, дефинитивно имал здрава смисла за иронија. Не дека беше жив пекол. Не беше. Но проклето сум сигурна дека не беше ни рај.

Без разлика на тоа, вдомителите на Лизел ја чекаа.

Семејството Хуберман.

Тие очекуваа девојче и момче и требаше да им се плати мал надомест за грижата за нив. Никој не сакаше да биде оној кој ќе ѝ каже на Роса Хуберман дека момчето не го преживеало патувањето. Впрочем, никој никогаш не сакаше да ѝ кажува ништо. Таа немаше карактер на кој човек би можел да ѝ позавиди, иако се имаше покажано добро со вдомување на деца во минатото. Очигледно имаше средено неколку од нив.

За Лизел, пресудно беше возењето во автомобилот. Таа никогаш претходно се немаше возено во автомобил. Стомакот постојано ѝ се креваше и згрчуваше, а надежта дека би можеле да се изгубат или семејството да се премисли никако не сакаше да ја напушти. Во сето тоа, нејзините мисли беспомошно се враќаа кон мајка ѝ, назад на железничката станица, мајка ѝ која чекаше повторно да замине. Ја замислуваше како се тресе. Стуткана во тоа бескорисно палто. Како си ги гризе и јаде ноктите додека го чека возот. Перонот, долг и непријатен - парче ладен цемент. Лизел се прашуваше дали таа ќе крене глава да го бара приближното место на закопувањето на нејзиниот син кога ќе се враќа. Или сонот ќе биде премногу тежок и длабок?

Автомобилот продолжи, а Лизел се плашеше од последното, смртоносно свртување.

Денот беше сив, боја на Европа.

Околу автомобилот беа навлечени завеси од дожд.

„Уште малку.“ Социјалната работничка, Фро Хајнрих, се сврте и се насмевна. „*Dein neues Heim*. Твојот нов дом.“

Лизел направи еден правилен круг на замагленото прозорец и погледна низ него.

СЛИКА ОД УЛИЦАТА ХИМЕЛ

Градбите изгледаат како да се залепени една за друга, во најголем дел мали куќи и згради кои изгледаат нервозно. Наоколу има валкан снег распослан како килим. Има бетон, соголени дрвја како празни закачалки за шапки и сив воздух.

Во автомобилот имаше и еден маж. Тој остана со девојчето кога Фро Хајнрих влезе внатре. Човекот воопшто не зборуваше. Лизел претпоставуваше дека тој беше таму за таа да не побегне или за да ја внесе внатре насила ако почне да им прави проблеми. Како и да е, подоцна, кога проблемите навистина почнаа, тој само седеше и гледаше. Можеби тој беше само финалното решение.

По неколку минути, од куќата излезе еден многу висок човек. Ханс Хуберман, вдомителот на Лизел. Лево од него стоеше Фро Хајнрих која имаше средна висина. Десно од него стоеше набиената Роса Хуберман, која изгледаше како мал гардеробер со палто префрлено врз него. Во нејзиниот чекор имаше забележливо нишање. Можеби дури и ќе беше слатко, да не беше нејзиното лице кое изгледаше како нервозен стуткан картон - судејќи според изразот на нејзиното лице, таа изгледаше како едвај да го толерираше сè ова. Нејзиниот сопруг одеше исправено, со запалена цигара помеѓу прстите. Самиот ги виткаше цигарите.

Ситуацијата беше ваква:

Лизел немаше намера да излезе од автомобилот.

„*Was ist los mit dem Kind*?“ рече Роса Хуберман. Потоа повтори уште еднаш. „Што е проблемот со ова дете?“ Ја протна главата внатре во автомобилот и рече, „*Na, komm. Komm*.“

Го турнаа седиштето пред нејзиното. Налет на ладна светлина ја покани да излезе надвор. Таа не сакаше да мрдне.

Надвор, преку крукчето кое го имаше направено, Лизел можеше да му ги види прстите на високиот човек, тој сè уште ја држеше цигарата. Малку пепел падна на земјата. Им требаа речиси петнаесет минути за да ја убедат да излезе од автомобилот. Високиот човек беше оној кој успеа да го направи тоа.

Тивко.

Потоа дојдоа до портата, за која таа се фати со сета сила. Очите ѝ се наполнија со солзи додека се држеше и одбиваше да влезе внатре. На улицата почнаа да се собираат луѓе, но Роса Хуберман почна да ги пцуе, па тие се повлекоа исто толку нечујно како што и се појавија.

ПРЕВОД НА ИЗЈАВАТА НА РОСА ХУБЕРМАН
„Што зјапате бе гомнари едни?“

Најпосле, Лизел Мемингер колебливо влезе внатре.

Ханс Хуберман ја држеше за едната рака. Нејзиниот мал куфер ја држеше за другата.

Во тој куфер, закопана под здиплените слоеви од облека, се наоѓаше една мала црна книга, која - колку што знаеме ние - четиринаесет годишниот гробар во безимениот град најверојатно ја бараше со часови.

„Ти се колнам“, го замислувам како му вели на својот шеф, „дека немам поим што се случи со книгата. Секаде ја барав. Секаде!“ Сигурна сум дека ни за момент не се посомневал во девојчето, а сепак, таа беше тука - црна книга со сребрени зборови на корицата:

ГРОБАРСКИ ПРИРАЧНИК

Водич од дванаесет чекори за успех во копањето гробови

Издавач: Здружение на гробишта - Баерн

Крадачката на книги имаше нападнато за првпат - почетокот на многу блескава кариера...